*Средба на изложба*

# ТРАГЕДИЈАТА ГО ОБВРЗУВА УМЕТНИКОТ

■ КОНДОВСКИ: „ДОАЃАЊЕ ДО ПРАЕЛЕМЕНТОТ ВО ЦРТЕЖОТ, БОЈАТА КОНЦЕПЦИЈАТА...“

■ ХАЦИ БОШКОВ: „КОН ТЕМАТСКА, МОНУМЕНТАЛНА СКУЛПТУРА...“

Настапот на двајцата скопски ликовни уметници, сликарот Димитар Кондовски и вајарот Петар Хаџи Бошков, ни дојде како радосно потврдување дека ликовниот живот во Скопје се обновува, постои, трае, дека се слика и ваја и сред урнатините, меѓу испуканите ѕидови, во станови импровизации, во ателјеа импровизации. Сликите и склуптурите на изложбата на Кондовски и Хаџи Бошков, во Работничкиот дом се нивни последни дела, работени најмногу во последниве месеци. Дали може и како може да се создава и во вакви услови, како земјотресот воопшто ќе се одрази на културниот живот кај нас беше првата неизбежна тема во разговорот со двајцата уметници на нивната изложба.

— Не, — рече по тој повод Кондовски, — земјотресот во сета своја катастрофалност не е во состојба и не може да му наштети на полетот на македонската култура. Колку и да се поразни урнатините што тој ги оставил зад себе, современата македонска култура е толку снажна, толку витална, што сметам дека врз урнатините ќе се роди уште поголем замав на нејзините творечки можности. Еден уметник трагедијата само го обврзува, сметам дека мора да го обврзе авторот, без оглед на тоа во какви релации. Во крупните општествени моменти уметничкиот сеизмографски ќе ја одбележи, ако ништо друго ќе ја одрази состојбата. А нашава трагедија ја има таа специфика што е неодразлива, а може само да се изрази, дава огромни можности да се согледа од најразлични аспекти несзканата, а наметната хероика која ја преживуваме денеска.

Една слика на Кондовски (најголемата, а на која се надоврзуваат речиси сите други) тој ја нарекол (поточно: ја посветил) „На 26 јули“. Ја насликал во текот на својот престој во сликарската колонија во Ечка, каде бил поканет по земјотресот. — Во Ечка бев гостин, — раскажува Кондовски и се вклопив во наградната тематска изложба по повод 29 ноември, на темата на Зрењанин, градот кој ја финансира колонијата. Со оваа слика направив обид, со кој како автор сум повеќе од задоволен, да поврзам (секако не на еден банален туку на интимен начин) неколку моменти, а имено мојот субјективен однос спрема Македонија, трагедијата на Скопје и потоа односот спрема Зрењанин, чиј гостин бев по земјотресот. Оваа своја слика ќе ја излагам на изложбата на VIII колонија во Ечка, надвор од конкуренцијата, бидејќи сликата не ја продавам, а наградата е откупна. Инаку, кога зборувам за колонијата во Ечка, не можам, а да не го нагласам извонредниот, висок однос на целиост организационин апарат

— Некои откриваат промени во вашето сликарство. Ги има ли навистина?

— Кај мене нема никакви суштински промени. Тоа е само константен, континуиран развој, тоа се длабоко обмислени чекори, кои доаѓаат врз основа на веќе постигнатото. Само го расчистував она кое е во спротивност со суштината на мене самиот и со мојот однос спрема светот сè додека не дојдов до својот праелемент во цртежот, бојата, концепцијата. Тоа ќе рече дека сега сликам со една четкичка, со црна, црвина и жолта боја и всушност своите преокупации ги изразувам преку формалните праелементи на квадрат, триаголник и круг, без трета димензија. Да го сожмам сето тоа во една реченица, плагирана реченица, сметајќи дека така станува појасно: „Везилке, кажи ми, како да се роди, проста и едноставна македонска песна...“ „Тоа може да се роди денес само во распонот помеѓу нашето средновековно сликарство — онаму каде било прекинато пред 500 години народното творештво, — и традицијата во светот, модерната уметност. Со моиве слики јас како творец не сум задоволен, но би бил среќен ако на крајот постигнам моето творештво да се јави како онаа изгубена алка на континуитетот на нашата уметност.

Петар Хаџи Бошков изложува десетина скулптури, најмногу во железо. Сите се од помал формат. За нив уметникот вели: — Суштината на работите изложени овдека е во совладувањето на материјалот, испитувањето на неговите можности. Тој материјал-железото, доста се користи во современата скулптура. Истражував како тој суров, студен материјал, може да се оживи, стапли, или пак направи уште постуден, за да може да го искажува мојот внатрешен свет. Сметам дека сега ми се заклучува фазата на тоа испитување, така што почнуваме со еден нов период, периодот на монументална скулптура, која ќе ја напушти ентериерната намена и ќе појде во отворен простор, да се среќава и судрува со сонцето, зеленилото.

— Дали тоа значи дека сте дошле до решението да пристапите кон создавање скулптури наменети за споменик, кое досега не сте го правеле?

— Доаѓам од заклучокот дека мојата скулптура поставена надвор во просторот ќе може да одигра улога на споменик, фонтана, ако треба, а да биде и скулптура во простор. По оваа заклучна фаза, кога можам да го користам здобиеното искуство, можам да пристапам кон правење на тематска скулптура.

— Чувме дека работите и на серија цртежи?

— Уште од моето престојување на специјализација во Лондон почнав да го негувам цртежот како посебна дисциплина за изразување и до денес работам на тоа. Така и земјотресот во Скопје најде посебно место во таа серија на цртежи и верувам дека наскоро ќе ги изложам на една посебна изложба.

**Ксенија Гавриш**



**Димитар Кондовски: „Ден“ (Од изложбата во Работничкиот дом во Скопје)**